Врз основа на член 16 став 6 алинеа 2 и член 31 став 3 алинеа 2 од Статутот на ИОРРМ, а во врска со член 19 став 1 алинеа 3 и член 27 од Законот за ревизија (‘Службен весник на РМ‘ бр. 158/2010 и 135/2011), Управниот одбор на ИОРРМ на предлог на Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори, на својата седница одржана на 01.02.2013 година, го усвои следниот:

# ПРАВИЛНИК

## за начинот и постапката на добивање на уверение за ревизор

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник за начин и постапка на добивање на уверение за ревизор (во натамошниот текст: Правилник), се уредуваат поблиску постапките што ги спроведува Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори (во натамошниот текст: Комисијата) во врска со начинот и постапката на добивање уверение за ревизор.

Начинот и постапката од член 1 на овој Правилник ги спроведува Комисијата, врз основа на документацијата определена со Законот за ревизија.

## НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ДОБИВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА РЕВИЗОР

Член 2

Врз основа на добиениот список на лицата кои ги положиле испитите од Програмата за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор од Комисијата за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор; Комисијата во рок од 5 работни дена доставува Известување до Управниот одбор на Институтот на овластени ревизори на РМ (во натамошниот текст: ИОРРМ) за лицата кои стекнале право за добивање на уверение за ревизор.

Управниот одбор на ИОРРМ, врз основа на добиеното известување од страна на Комисијата носи Одлука за издавање уверение за ревизор.

На лицето кое го положило испитот, ИОРРМ му издава уверение за ревизор во рок од 30 дена од денот на полагање на испитот.

Доколку ИОРРМ не издаде уверение за ревизор во рокот наведен во претходниот став на овој член, лицето кое го положило испитот има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок, да поднесе барање до Претседателот на ИОРРМ, за издавање уверение.

Претседателот на ИОРРМ е должен да го издаде уверението, најдоцна во рок од 5 работни дена од приемот на барањето.

Формата и содржината на уверението за ревизор е дадено во прилог на овој Правилник.

Уверението за ревизор, ИОРРМ го доставува до лицето веднаш по издавањето.

## РАБОТА НА КОМИСИЈАТА

Член 3

Комисијата во состав: претседател и 4 члена работи на состаноци што ги свикува претседателот на Комисијата, а одлучува со просто мнозинство на гласови од присутните.

Во отсуство на претседателот на Комисијата, Претседателот на ИОРРМ го свикува состанокот на Комисијата, кој го води членот на Комисијата избран со мнозинство на гласови од присутните членови на состанокот.

За своето работење, Комисијата води записници кои што се чуваат во посебен регистар во ИОРРМ, потпишани од присутните на состанокот.

## ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

Член 4

Овој Правилник стапува во сила со денот на негово усвојување од страна на Управниот одбор на ИОРРМ, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата.

Со стапување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за начинот и постапката на добивање на уверение за овластен ревизор; начин и постапка за издавање дозвола за работа на друштво за ревизија и за овластен ревизор – трговец поединец усвоен од Управниот одбор на ИОРРМ на 01.02.2007 година.

Овој Правилник по усвојувањето се објавува на интернет страната на ИОРРМ.

**Претседател на ИОРРМ,**
**Борислав Атанасовски**

ИНСТИТУТ
НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 19 став 1 алинеа 3 и член 27 став 4 од Законот за ревизија ("Службен весник на РМ" бр. 158/2010 и 135/2011), Институтот на овластени ревизори на РМ (ИОРРМ) издава

# УВЕРЕНИЕ ЗА РЕВИЗОР

Лицето ________________________________________, роден/а на __________година, го положи испитот за стекнување на звањето ревизор, според Програмата за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор донесена од страна на Институтот на овластени ревизори на РМ

ИОРРМ СКОПЈЕ

Бр. ____-____/___,

____________ година

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ИОРРМ
СКОПЈЕ

Претседател на ИОРРМ,

Борислав Атанасовски